РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 04-1061/14
29.12 2025 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Богданци, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во Општина Богданци

1. За извршител на работното место Виш соработник за нормативно-правни работи и застапување на општината со шифра **УПР0101В02000** во одделението за правни и општи работи, по јавниот оглас бр. 746/2025 се избира кандидатот со идентификациски код 0ВЕСЕ40 Надица Шимова.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Во врска со јавниот оглас бр. 746/2025 објавен на 11.07.2025 година на веб страница на Агенција за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ за пополнување на работно место преку спроведување на постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со решение бр. 10-1769/3 од 23.07.2025 година, на ден 31.07.2025 година, изврши административна селекција и констатира дека за огласеното место под реден број 1 уредно е пријавен 1 кандидат (записник бр. 10-1769/4 од 31.07.2025 година).

На ден 17.12.2025 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за административен службеник (записник бр. 10-1769/11 од 17.12.2025 година), а на ден 18.12.2025 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник (записник бр. 10-1769/12 од 18.12.2025 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидат по оглас бр. 746/2025 под бр. 10-1769/13 од 23.12.2025 година и истиот беше доставен до Секретарот на Општина Богданци.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

**Секретар**
**на Општина Богданци**
**Митко Влахов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
БОГДАНЦИ
ОПШТИНА БОГДАНЦИ